**Видео 4: Обврски на граѓанските организации според Законот за фондации и здруженија на граѓани**
**Февруари 2023 година**

Во ова видео ќе се запознаеме со законските обврски на граѓанските организации според Законот за фондации и здруженија на граѓани

Подобрата внатрешна организираност на граѓанските организации очекувано ќе придонесе за поголема нејзина успешност во функционирање и спроведување на задачите.

- Организациите се независни во управувањето, определувањето и остварувањето на целите и дејностите во согласност со Уставот и закон.
- Работата на организацијата е јавна.
- Јавноста се остварува преку транспарентно објавување на статутите и другите акти на организацијата во согласност со статутот на организацијата.
- Организациите не можат да се основаат за стекнување со добивка.
- Организациите можат да вршат дејности со кои може да стекнат добивка, ако дејноста е поврзана со целите утврдени со статутот.
- Ако во работењето на организациите се оствари добивка таа мора да биде употребена за остварување на целите утврдени со статутот.
- Остварената добивка не може да се распределува меѓу основачите, членовите, членовите на органите, директорите, вработените или кое било друго со нив поврзано лице.
- Организациите не можат да вршат активности на политичка партија, односно не можат да обезбедуваат директно или индиректно финансирање на конкретна политичка партија и да влијаат на изборите.
- Организациите можат слободно да ги искажуваат и промовираат своите ставови и мислења за прашања од нивен интерес, да поведуваат иницијативи
- Секоја организација мора да има име и скратено име ако тоа е предвидено со статутот и е запишано во Регистарот.
- Името и скратеното име на организацијата јасно се разликуваат од имињата на другите организации кои се запишани во Регистарот.
- Како име, скратено име и/или назив на организација не можат да бидат употребувани имиња, презимиња, прекари, псевдоними, кратенки и иницијали на лица кои по која било основа, начин или форма биле или се поврзани со расна, верска, национална, етничка и друга нетрпеливост, нетолеранција, омраза, геноцид, екстреминација, ширење или поддршка на фашизам, нацизам, национал-социјализам и Третиот рајх.

Законот предвидува посебни ограничувања и постапка доколку во името на организацијата се употребува зборот Македонија, зборовите изведени од него и неговите кратенки, името на општините или име, презиме, псевдоним, прекар,кратенка или иницијали на историска личност.

Здружението задолжително има статут. Законот точно ја утврдува задолжителната содржина на Статутот, па на пример Статутот мора да има одредби за начинот на одлучување за зачленување, исклучување и престанок на членувањето во здружението, стекнувањето и располагањето со средства, остварувањето на јавноста и отчетноста во работата. Статутот може да уредува и други дополнителни прашања.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

- Членувањето во здружението е доброволно.
- Физичко лице може да биде член на здружението независно од неговата возраст во согласност со статутот, додека малолетно лице со наполнети 14 години и лицата со ограничена или одземена деловна способност само со потпишана изјава од нивниот законски застапник.

Водител
- Здружението води регистар на членови и евиденција на членовите на органите кој мора да се ажурира најмалку еднаш на две години.
- Здруженијата на граѓани мора да имаат Собрание и застапник на здружението, додека здружението може, но не мора да има и други органи како Управен одбор, Извршен одбор и слично. Органите на здружението мора да се утврдени во Статутот.
- Собранието е највисок орган на здружението и го сочинуваат сите членови.

Законот ја утврдува точната надлежност на Собранието, па така тоа на пример тоа усвојува извештаи на здружението, одлучува за промена на целта на здружението, избира и разрешува членови на органите и слично.
- Собранието работи на седници и по правило, одржува седница најмалку еднаш годишно, а со статутот може да се определи и пократок рок за одржување на седница.
- Доколку се исполнети определени услови, Собранието може да одржува и вонредни седници.
- Здружението има едно или повеќе лица овластени за застапување на здружението избран, односно именуван на начин утврден со статутот.
Правата и обврските застапникот на здружението ги врши во согласност со закон, статутот и актите на здружението.
- Финансиските средства на организациите се употребуваат за остварување на целите на организацијата определени со статутот и програмата.
- Членовите на органите на организациите и нивните застапници по закон се должни да управуваат и работат со внимание и во согласност со начелата на добро управување, во интерес на организацијата, а над личните интереси, односно во интерес на остварување на целите, во согласност со закон и статутот.
- Организациите одговараат за своите обврски со целиот свој имот и средства.
- Организациите се должни на својата веб страница или на друг начин да ги објавуваат годишните извештаи за нивното работење.
- Организациите се должни да подготват годишен финансиски извештај, да го достават до надлежниот орган во согласност со закон и да го објават на својата веб страница или на друг соодветен начин да го направат достапен до јавноста.
- Извештаите, организациите се должни да ги објават најдоцна до 30 април за предходната година.
- Основањето и определени промени во здружението се запишуваат во соодветниот регистар, на начин и во постапка утврдена со Законот за фондации и здруженија на граѓани.

Водител
Се надевам дека успеав да Ви помогнам и да Ви ги доближам обврските на граѓанските организации според Законот за фондации и здруженија на граѓани.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Доколку сте еколошка граѓанска организација и имате потреба од помош за вашето внатрешно функционирање, контактирајте го Македонското здружение на млади правници за да добиете дополнителни информации во врска со обврските на граѓанските организации преку Програмата за правна и менторска поддршка на еколошки граѓански организации.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.